Митко
Ирена

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 21.9.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 8/120 | - | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 13-9273/1
15.09.2020 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08. 167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 22 став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија"(„Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), а по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, министерот за образование и наука донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување на Наставни планови**
**за гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби кои се реализираат во учебната 2020/2021 година**

1. Со ова решение се изменуваат Наставните планови за гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби, со кои се утврдува годишниот фонд на наставни часови за учебната 2020/2021 година
2. Составен дел на ова решение е годишниот фонд на наставни часови за учебната 2020/2021 година за гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), а согласно Календарот за изменување на Календарот за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.209/20) со кој е регулирано дека во текот на наставната 2020/2021 година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 145 наставни денови, а за сите останати години на образование се

остваруваат најмалку 159 наставни денови. Бирото за развој на образованието со допис бр.08-8/117 од 14.09.2020 година и Центарот за стручно образование и обука со допис бр.03-507/1 од 14.09.2020 година, доставија предлог за изменување на наставните планови за гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби, со кои се утврдува годишниот фонд на наставни часови за учебната 2020/2021 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Министер,
Мила Царовска

Доставено до:
- Биро за развој на образованието;
- Центар за стручно образование и обука
- Сектор за средно образование,
- архива.

Изготвил
Милка Масникоса
Одобрил
Дана Бишкоска

**Табела 1: Годишен фонд на часови за учебната 2020/2021 година, за 159 наставни денови**

| Неделен фонд на часови во НП | Годишен фонд на часови во НП | Годишен фонд на часови за учебната 2020/21 година |
|---|---|---|
| 1 | 36 | 32 |
| 2 | 72 | 64 |
| 3 | 108 | 96 |
| 4 | 144 | 128 |
| 5 | 180 | 159 |
| 6 | 216 | 192 |
| 7 | 252 | 224 |
| 8 | 288 | 256 |
| 9 | 324 | 288 |
| 10 | 360 | 320 |
| 11 | 396 | 352 |
| 12 | 432 | 384 |
| 13 | 468 | 416 |
| 14 | 504 | 448 |
| 15 | 540 | 480 |
| 16 | 576 | 512 |
| 17 | 612 | 544 |
| 18 | 648 | 576 |

**Табела 2: Годишен фонд на часови за последната година насредно образование за учебната 2020/2021 година, за 145 наставни денови**

| Неделен фонд на часови во НП | Годишен фонд на часови во НП | Пресметан годишен фонд на часови |
|---|---|---|
| 1 | 33 | 29 |
| 2 | 66 | 58 |
| 3 | 99 | 87 |
| 4 | 132 | 116 |
| 5 | 165 | 145 |
| 6 | 198 | 174 |
| 7 | 231 | 203 |
| 8 | 264 | 232 |
| 9 | 297 | 261 |
| 10 | 330 | 290 |
| 11 | 363 | 319 |
| 12 | 396 | 348 |
| 13 | 429 | 377 |
| 14 | 462 | 406 |
| 15 | 495 | 435 |
| 16 | 528 | 464 |
| 17 | 561 | 493 |
| 18 | 594 | 522 |